РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 11 - 2875/2

09-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

# ИЗВЕШТАЈ

за антикорупциска проверка на
Правилникот за работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи

**Наслов:**

Правилник за работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи ( „Службен весник на Република Македонија" бр.157/2012)

**Доставено барање мислење од овластен предлагач/по сопствена иницијатива :**

По сопствена иницијатива, врз основна на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а во врска со предлогот доставен од Здружението за заштита на правата на граѓаните „ Човекот над профитот" Скопје, ул.„ Мајка Тереза" бр.28, локал 3.

**Област:**

Финансии

## Генерална оценка

1. **Осврт на барањето :**

   Со споменатиот правилник се пропишува начинот на работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем кај приредувачите на посебни игри на среќа (НИС), обемот и начинот на неговото поврзување и размена на податоци со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

2. **Разгледани / консултирани дополнителни материјали**:
   -Закон за игрите на среќа и за забавните игри ( „Службен весник на Република Македонија" бр.24/2011, 51/2011, 148/2011, 74/2012, 171/2012, 27/2014, 139/2014, 61/2015, 154/2015, 23/2016 и 178/2016 )
   -Одлука на Уставен суд на Р. Македонија под У.бр.53/2011 од 14.09.2011 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.132/2011
   -Одлука на Уставен суд на Р. Македонија под бр. од 15.10.2014 година објавена во „Службен весник на Р. Македонија бр.156/2014)
   -Одлука на Уставен суд на Р. Македонија под бр.65/2016 од 05.07.2017 објавена во „Службен весник на Р. Македонија " бр.90/2017
   -Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019)

Државната Комисија за спречување на корупција, врз основа на член 17 став 1 точка 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019), а согласно со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, по спроведената антикорупциска проверка на одредбите од спомeнатиот Правилник, го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

Државната комисија за спречување на корупција, по извршената анализа и оценка на одредбите од Правилникот за работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на неговото поврзување и размена на податоците со информацискиот систем на Управата за јавни приходи, не најде на постоење на регулаторни ризици од корупција.

Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, а во врска со предлогот доставен од Здружението за заштита на правата на граѓаните „ Човекот над профитот" Скопје, ул.„ Мајка Тереза" бр.28, локал 3, спроведе антикорупциска проверка на одредбите од Правилникот за работа и користење, просторните, техничко-технолошките и другите карактеристики на надзорниот информациски систем, обемот и начинот на неговото следење и начинот на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk